Република Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ДО Фондација Метаморфозис

Ул. Апостол Гусларот бр.40

СКОПЈЕ

бр. 02-2352/3
06.02. 2013 год.

Министерство за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство

Аминта трети бр.2

1000 Скопје.

Тел. (02) 3134 477
Факс:(02) 3119 815
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

Со Ваше барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство барате да ви се достави информацијата дали е спроведена кампања за промоција и обуки за земјоделците за добра земјоделска практика како основа која треба да им помогне на земјоделците во примена на исправни методи на земјоделско производство и на одржливите земјоделски практики, и доколку е спроведена кампања да ви се достави листа на активности и дел од промотивните материјали.

Во врска со поднесеното барање министерството ве известува дека врз основа на Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса и Водичот за достигнување на принципите за добра земјоделска и хигиенска пракса, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Република Македонија, како надлежен сервис на земјоделците во делот на советодавните услуги, како дел од своето работење во годишните програми за работа, вклучува редовни активности за запознавање на земјоделците со содржината на погоре наведените документи и обезбедува поддршка на земјоделците во спроведување на добрата земјоделска и хигиенска пракса. За подетални информации по конкретните активности можете да се обратите до Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Почнувајќи од оваа година, со цел постигнување на ориентираност кон постигнување на подобрени резултати на зголемено земјоделско производство и повисок квалитет на производите, но и истовремено заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси и енергијата, постепено ќе се воведуваат принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса (ДЗХП) како услов за стекнување со правото за користење на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој. Со цел попрецизно запознавање на земјоделците, корисници на мерките за финансиска поддршка со конкретните барања, Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство во текот на годинава има планирано низа мерки на: подготовка на промотивен материјал за полесна примена и достигнување на принципите на ДЗХП од страна на земјоделските стопанства, обуки и спроведување на кампања за примена на стандардите од ДЗХП.

Во овој период во тек е широка консултација на министерството со земјоделците, научната јавност и останатите релевантни органи на државна управа за попрецизно дефинирање на воведните принципи на ДЗХП кои ќе бидат вклучени во Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

МИНИСТЕР,
Љупчо Димовски

Изработил: Марија Тодороска, дипл.правник